# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА "ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ" ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

ДС СМИТХ АД Скопје
Бр. 03-3681
26.10. 2022 год.

Во периодот од 01.01 до 30.09.2022 година ДС Смитх АД Скопје оствари позитивен финансиски резултат од 45.724 илјади денари.

Друштвото континуирано врши ревидирање на финансиските планови и прилагодување на новонастанатите услови за работење, предизвикани од надворешните и внатрешните економски фактори. Кумулативно за тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 1.010.603 илјади денари, кој во однос на 2021 е поголем за 52%. Вкупните приходи од продажба се резултат на зголемени количини и цени на домашен пазар и странски пазар. Зголемувањето на приходите од продажба во вкупен износ на домашен пазар е 50%, а на странски пазар 55%.

Друштвото оствари 55% зголемени оперативни приходи споредбено со минатата година, а финансиските приходи зголемени за 233% што се должи на субвенциите за енергенси, рабати од добавувачи, позитивни курсни разлики.

Вкупните оперативни расходи изнесуваат 983.150 илјади денари, кои во однос на 2021 се зголемени за 53%. Зголемувањето/намалувањето на расходите гледано по сегменти следи:

- Зголемени трошоци на суровините и материјалите 65%, е резултат на пораст на цената на суровината која е по основ на берзанските движења;
- Услугите со карактер на материјални трошоци се повисоки за 10% од минатата година, како резултат на зголемени транспортни услуги и услуги за одржување и заштита;
- Зголемување на останати расходи;
- Согласно надворешните и внатрешните фактори, се поголемото влијание од војниот судир во Источна Европа кое предизвика пораст на берзанските цени за енергенси, кое има големо влијание и на нашите комитенти изразено со намалување на побарувачката Друштвото ги зголеми вредносните усогласување на средствата со нивно резервирање.

Промени во кредитната задолженост на Друштвото споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи нема. Неплатените краткорочни обврски кон поврзани страни се намалени.

ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ -АД- Скопје 5